Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Буџетскиот календар**
**на Општина Центар-Скопје за 2020 година**

Се објавува Буџетскиот календар на Општина Центар-Скопје за 2020 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година.

Бр. 09-454/9
30.1.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 27 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15; 209/18 и 244/19), Советот на Општина Центар-Скопје на 41. седница, одржана на 30.1.2020 година, донесе

## Буџетски календар
## на Општина Центар-Скопје за 2020 година

| Ред. бр. | Активности | Месец во годината |
|---|---|---|
| 1. | Советот на Општина Центар-Скопје го донесува Буџетскиот календар. | јануари |
| 2. | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиските планови и програми до сите сектори и буџетски корисници. | најдоцна до 31 август |
| 3. | Сите сектори и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и програми за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. | најдоцна до 30 септември |
| 4. | Министерот за финансии доставува циркулар - насоки за подготвување на буџетите на единиците на локалната самоуправа за наредната година. | најдоцна до 30 септември |
| 5. | Секторот за финансиски прашања подготвува процени на вкупните приходи, ги разгледува, анализира и ги усогласува финансиските планови и програми, ги одредува приоритетите и одредбите за новиот нацрт-буџет и го известува Градоначалникот за основните параметри. | најдоцна до 15 октомври |
| 6. | Градоначалникот на Општината подготвува предлог на план на програми за развој усогласен со насоките од циркуларот и го доставува до Советот на Општина Центар-Скопје. | најдоцна до 20 октомври |
| 7. | Советот го одобрува предлогот на планот на програмите за развој. | најдоцна до 15 ноември |
| 8. | Секторот за финансиски прашања го изготвува нацрт- буџетот и го доставува до Градоначалникот на разгледување и на одобрување. | ноември |
| 9. | Градоначалникот го доставува нацрт-буџетот до Советот на Општина Центар-Скопје. | ноември |
| 10. | Градоначалникот организира јавна расправа по нацрт- буџетот. | ноември-декември |
| 11. | Градоначалникот го доставува предлог-буџетот до Советот на Општина Центар-Скопје. | декември |
| 12. | Советот на Општина Центар-Скопје го усвојува предлог- буџетот. | декември |

Буџетскиот календар на Општина Центар-Скопје за 2020 година стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-454/8
30.1.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.